Врз основа на член 5 став 1 и 31 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (Службен весник на РМ бр.. 8/2005 и 150/07, Комисијата за располагање со недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика, објавува

# ОГЛАС
## За продажба на недвижни ствари со јавно наддавање

### 1. Општи одредби

1.1 Предмет на наддавањето се недвижни ствари - објекти на детски одморалишта сопственост на Република Македонија
1.2 Право на учество имаат сите правни лица кои се регистрирани за вршење соодветна дејност
1.3 Повикот е јавен и отворен, со право на учество на сите заинтересирани домашни и странски субјекти.
1.4 Постапката се спроведува со јавно наддавање, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи

### 2. Предмет на продажба

**2.1** Предмет на продажба се објектите на детски одморалишта и тоа:

**1.)Детско одморалиште “Асамати“ - Ресен**

- ИЛ бр.221
- КП 1/3 со вкупна површина на објектот 3610м2
- Земјиште под објект 2574м2
- Вкупна површина на парцелата 13147м2
- Зграда бр.1: приземје 2077м2, на кат 1358м2 и помошни простории (лоџи и балкони) 128м2
- Зграда бр.2: приземје 32м2 и помошен објект - причистителна станица 15м2
- Со право на користење на градежно изградено земјиште и на објектот изграден врз него - Министерство за труд и социјална политика

Почетна цена на наддавањето: 251.092,90 евра.
Висина на Депозит: 50.218,58

**2.)Детско одморалиште “Македонија“- Тиват, Црна Гора**

- ИЛ (лист непокретности) бр. 3004
- КО Тиват, КП 553 План скица 8, ул. Долно Сељаново,б.б
- Вкупната површина на детското одморалиште, градежен објект изнесува 1145м2, односно приземје 421м2, на кат 414м2 и поткровје 310м2
- Дворно место 448м2
- Под објект 476 $м^2$
- Со право на користење на градежно изградено земјиште и на објектот изграден врз него - Министерство за труд и социјална политика

Почетна цена на наддавањето: 683.982,65 евра.
Висина на Депозит: 136.796,53
**Напомена: Во објектот има нелегално вселени лица.**

**3.) Детско одморалиште "Висока Чука" - Гевгелија**

- ПЛ бр. 86, КО Петрово, КП 3/1, 3/2 и 3/3
- Вкупната површина на земјиштето 5278м2
- Нето корисна површина 490 м$^2$, а објектот е со катност П+1 кат + поткровје.
- Предметната недвижност се наоѓа во КО Петрово 3/1,3/2,3 видено во Поседовен лист бр.86
- КП 3/1 мв Висока Чукапод објект 136м2
- КП 3/2 мв Висока Чука под објект 72 м2,
- КП 3/3 мв Висока Чука под објект 70 м2
- КП 3/3 мв Висока Чука - двор 5000м2
- Со ПЛ - сопственост на РМ.

Почетна цена на наддавањето: 13.185,94 евра.
Висина на Депозит: 2.637,19

Сопственост на Република Македонија - со право на користење на Министерство за труд и социјална политика

**3. Доставување на документација**

3.1 Понудувачот треба да приложи доказ за финансиска и економска способност. Домашните понудувачи треба да достават доказ за бонитет издаден од Централниот регистар. Странските понудувачи доставуваат ревизорски извештај од реномирана ревизорска институција регистрирана за вршење на ревизија.Ревизорскиот извештај содржи податоци за вкупното економско работење на странскиот понудувач во последните три години.
3.2 Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки.
3.3 Документ за регистрана дејност за правното лице.
3.4 Потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација.
3.5 Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност.
3.6 Потребните документи заинтересираните субјекти можат да ги достават во архивата на министерството за труд и социјална политика најкасно 3 (три) дена пред соодветното јавно наддавање во затворен коверт на кој ќе биде назначен редниот број на објектот за кој се доставуваат документите.

**Наведените документи не смеат да бидат постари од шест месеци , а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот.**

3.7. Понудувачот треба да приложи писмено овластување за претставникот на понудувачот за учество на јавното наддавање.

**4.Начин и рок на доставување на документите**

4.1 На јавното наддавање не може да учествува лице кое не ги исполнува огласените услови.
4.2 Јавното наддавање се спроведува на начин при што учесниците на јавното наддавање ја наддаваат почетната цена утврдена во огласот за јавното наддавање.
4.3 За најповолен наддавач на јавното наддавање се утврдува учесникот кој понудил највисока цена на јавното наддавње.
4.4 Кога на јавното наддавање за продажба на недвижна ствар се јави само еден наддавач, кој ги прифаќа условите од огласот и ја наддаде почетната цена, единствениот наддавач стекнува статус на најповолен наддавач, со кој се склучува договор за продажба на недвижна ствар.
4.5 Висината на паричниот депозит што се уплаќа за учество во јавното наддавање не може да биде помал од 20% од вредноста на недвижната ствар предмет на јавното

наддавње, и истиот се уплаќа на **Депозитна сметка број 150010029969613, програма 10, приходно конто 731112** .Цел на Дознака : Јавно наддавање за Детско Одморалиште реден број ___ .

4.6 Депозитот се уплатува најкасно седум дена пред рокот предвиден за јавно наддавање.

4.7 Јавното наддавање ќе се оддржи во просториите на Министерството за труд и социјална политика ул.Даме Груев бр.14, Скопје, Сала за состаноци 4 кат на ден 16.08.2010 година со почеток во 10.00 часот..

**5. Завршни одредби**

Документите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на повикот, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во огласот нема да учествуваат во постапката за јавно наддавање.

Сите информации во врска со јавното наддавање може дасе добијат во Министерството за труд и социјална политика на телефон 3106-449 и 3106-239.

**КОМИСИЈА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО НЕДВИЖНИ СТВАРИ**
**на Министерството за труд и социјална политика**